# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 5 Јуни 2007 година<br>Службен гласник број 10<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
| --- | --- | --- |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БР.16,УРБАН БЛОК 16/1, ПЛАНСКИ ОПФАТ "6" ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УАЕ бр.16,Урбан блок 16/1, плански опфат "6" во Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1350/1
05.06.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.06.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт Детален урбанистички план заУАЕ бр.16, Урбан блок 16/1, плански опфат 6 , во Прилеп**

**Чл.1**

**Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.16, Урбан блок 16/1, Плански опфат 6 , во Прилеп** , како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од североисток со колско-пешачка улица "Енгелсова",во должина од 115м', од исток со колско пешачка улица "Илија Игески"во должина од 90м',од северозапад со улицата"Моша Пијаде",од југозапад со ул."Борка Талески и од југ мал дел со ул."Благоја Николоски" во должина од 34м'.

**Вака определениот опфат е со површина од 1,1172 ха.**

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**
**1.-ДУП за УАЕ бр.16, Урбан блок 16/1, плански опфат 6 ,** фаза Нацрт План изработен од ,, Урбан Проект" ДООЕЛ од Прилеп,**техн.бр.108/06/07,** од Мај 2007год.

**ОПШТ ДЕЛ**

1.Насловен лист
2.Содржина
3.Регистрација на проектанска организација
4.Лиценца на проект.орг.за исработув.на урб.планови
5.Лиценца за планерот
6.Елаборат за ажурирање на подлогата

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
**А -Текстуален дел**

1.Вовед
2.Програмска задача
3.Извод од постоен ГУП и ДУП
4.Анализа на постојна состојба
4.1.Домување
5.Постојна инфраструктура
5.1.Сообраќај
5.2.Хидротехничка инфраструктура
5.3.Електроенергетика
5.4.Телекомуникациона мрежа

**Б. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

**1.**Макролокација-ситуација
**2.**Извод од ГУП на град Прилеп-намена на површини М=1:5000
3.Извод од постоен ГУП на град Прилеп-сообраќај М=1:5000
4.Извод од постоен ДУП - М=1:1000
5.Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
6.Инвентаризација на постоен градежен фонд М=1:1000
7.Синтезен приказ-постојна инфраструктура М=1:1000

**//.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1.Просторен концепт
1.1.Граници и површина на планскиот опфат
2.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ
2.1.Поделба и нумерација на плански опфат
2.2.Парцелација и регулација
2.3.Зонирање-намена на земјиштето
2.4.Површини за градба и висински план
2.4.1.Урбанистичко архитектонски услови
2.4.2.Реконструкција
2.4.3.Зелени површини со урбана опрема
2.5.Биланс на планираната состојба
2.5.1.Билансни показатели
3.КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
3.1.Сообраќај
3.2.Хидротехничка инфраструктура
3.2.1.Водоводна мрежа,фекална канализација и дождовна кан.
3.3.Електроенергетика
3.4.Телекомуникациона мрежа
4.ОСТАНАТО
5.ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
5.1.Основни параметри за уредување на просторот
5.2.Посебни параметри за уредување на просторот
6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
6.1.Мерки за заштита на животна средина
6.2.Мерки за заштита од пожар
6.3.Мерки за заштита од воени разурнувања
6.4.Останати мерки

**Б. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

**1.**Синтезен приказ на планските решенија
**2.**Синтезен приказ на планските решенијана сообраќајната мрежа, хидротехничка инфраструктура, електроенергетика и телекомуникациска мрежа.
**2.**Програма за дон.урб.планови за 2005год.
**3. Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** од Октомври 2006г. изработена од " Ин-Пума " –ДОО - Скопје,заведена во Општина Прилеп под бр.09-431/2 од 22.02.2007год.
**4.Одговор на забелешките од стручната ревизија од Февруари 2007год.**,од изработувачот на планот ,заведен во Општина Прилеп под бр.09-431/3 од 22.02.2007год.
**5.Стручно мислење бр.18-2107 од 12.04.2007год.** издадено од Министерство за трант и врски-Сектор за уреду. на просторот –Скопје.
**6.Извештај за постапување по забелешките од стручното мислење** изработен од страна на изработувачот на планот,од Мај 2007год.,заведено во Општина Прилеп под бр.09-431/7 од 15.05.2007год.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1345/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.06.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стevананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЛОКАЛЕН ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ВОЛКОВО, ОД ОПШТИНА ПРИЛЕП НА ЈКП “ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА”**

1. Одлуката за пренесување на правото за управување со Локален водоснабдителен систем во населено место Волково, од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација”, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1350/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 ст. 1 т. 4 и член 36 ст.1 т.10 од Законот за Локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр. 5/02) и член 14 т.4 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.06.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ со *Локален водоснабдителен систем во нас. место ВОЛКОВО* од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација”**

Член 1

Правото за управување со ***Локален водоснабдителен систем во населено место ВОЛКОВО***”, се пренесува од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација” од Прилеп.

Член 2

Се задолжува ЈКП “Водовод и канализација” Прилеп во согласност со соодветните стандарди и нормативи да управува со именуваната градба.

Член 3

Примопредавањето на објектот ќе се изврши помеѓу Општина Прилеп и ЈКП “Водовод и канализација” - Прилеп, со составување записник кој ќе го потпишат двете страни , а кој ќе биде дел на оваа одлука.

Член 4

Одлуката стапува во сила во рок од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп

Број 07 – 1345/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.06.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОДОЛЖЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ШТАНДОВИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОДРЖУВАЊЕТОНА МАНИФЕСТАЦИЈАТА “ПИВОФЕСТ”**

1. Одлуката за определување продолжено работно време на угостителските објекти и штандовите за време на одржувањето на манифестацијата “ПИВОФЕСТ”, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1350/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителската дејност (“Службен весник на РМ” 62/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 04.06. 2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот за пиво и скара “ПИВОФЕСТ”

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Фестивалот за пиво и скара “ПИВОФЕСТ” за време од 1 час подолго од работното време на угостителските

објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност.

Член 2

Продолженото работно време се однесува само за деновите кога се одржува Фестивалот за пиво и скара “ПИВОФЕСТ”.

Член 3

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР-УВР Прилеп, организаторот на фестивалот, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 – 1345/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.06. 2007 годинана Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УПОТРЕБА НА ДЕЛ ОД ВИШОКОТ НА СРЕДСТВА НА ЈКП “ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА “ ПРИЛЕП**

1. Одлуката за употреба на дел од вишокот на средства на ЈКП “Водовод и канализација “ Прилеп , се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1350/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп” бр.6/03 и 4/05), а во врска со одредбите од Законот за јавните претпријатија, Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 04.06.2007 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
за употреба на дел од вишокот на средства наЈКП “Водовод и канализација” - Прилеп

1. Вишокот на средствата остварени од работењето на ЈКП “Водовод и канализација” - Прилеп во износ од 4.364.138,5о денари основачот ги вложува во јавното претпријатие.

2. Му се наложува на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп дел од средствата од точка 1 на оваа Одлука да ги искористи за изградба на индивидуални приклучоци, од уличниот канал до регулациона линија на парцелата од корисникот, на фекалната канализациона мрежа во населено место Варош.

3. ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп изградбата на приклучоците да ја започне најдоцна на 11.06.2007 година

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”.

Број 07 – 1345/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.06.2007 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП КАДЕ ШТО НЕМА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

1. Одлуката за определување населени места во Општина Прилеп каде што нема јавно осветлување, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1350/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.6, с.3 од Законот за комунални такси(“Сл.весник на РМ” бр.61/04 и 64/05), чл.22 ст.1 т.4, чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.6/03 и 4/05), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 04.06.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување населени места во општина Прилеп каде што нема јавно осветлување

Член 1

Се определува дека нема јавно осветлување во следните населени места во општина Прилеп:

-с. Кокре;
-с. Прилепец;
-с. Волково;
-с. Чумово;
-с. Штавица;
-с. Мало Радобил;
-с. Присад;
-с. Мало Рувци;
-с. Лениште;
-с. Крстец; и
-с. Марул.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 1345/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.06.2007 г.на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1350/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.06.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град ПРИЛЕП**

**Чл.1**

**Се утврдува Нацрт,измени и дополнувања на ГЕНЕРАЛЕН урбанистички план на град Прилеп**, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** на северозапад осовината на улица “Јоска Јорданоски”,на југозапад осовина на ул.”Јоска Јорданоски”и ул.”Славеј Планина”,на југоисток севернозападната страна на регионален пат-Прилеп-Градско, ја сече ул.”Моша Пијаде”, продолжува на североисток по северозападната страна на регионалниот пат Прилеп-Градско и од север по постојната граница на постојниот Генерален урбанистички план**Вака определениот опфат е со површина од 65,24 ха.**

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**1.Измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп ,** фаза Нацрт План изработен од А.Д. ,, ЗУАС” од Скопје,**техн.бр.1547/2007,** од Мај 2007год.,кој содржи:

**ОПШТ ДЕЛ**

1.Насловен лист
2.Содржина
3.Регистрација на проектанска организација
4.Лиценца на проект.орг.за исработув.на урб.планови
5.Лиценца за планерот

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А -Текстуален дел**

1.Географско и геодетско определување на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина;
2.Историјат на планирање и уредување на подрчјето на планскиот опфат и неговата околина, хронолошки преглед;
3.Податоци за природни чинители;
4.Демографски карактеристики;
5.Состојба на создадени вредности;

5.1.Домување;
5.2.Производство, дистрибуција и сервис;
5.3.Ненаменет простор;
5.4.Постојна инфраструктура;
5.4.1.Сообраќај;
5.4.2.Хидротехничка инфраструктура;
5.4.3.Телефонска мрежа;
5.5.4.Телефонска мрежа;
6.Постојни споменични целини;
7.Нумерички показатели;

**Б. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

1.Извод од Просторрен план на Р.Македонија М=1:250000
**2.**Извод од ГУП на град Прилеп-2001-2011 М=1:5000
3.Синтезен план –постоја состојба М=1:5000
4.Документационаоснова-сообраќај М=1:5000
5.Документациона основа-водовод и канализација М=1:5000
6.Документациона основа-водовод и канализација М=1:5000

**ИИ.ПЛАНИРАН РАЗВОЈ**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1.Вовед
2.Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат;
3.Извод од просторен план на РМ;
-Услови за планирање на просторот;
4.Опис и образложние на планските решенија,планирање на потребите за просторен развој;
4.1.Проекција на население;
4.2.Планирање на станени потреби;
4.3.Планирање на потребите за просторен развој на јавни функции;
4.3.1.Предучилишни детски установи;
4.3.2.Основно образование;
4.3.3.Средно и високо образование, здравствени и социјални институции,култура,државни и верски институции;
4.4.Планирање на потребите за просторен развој на комерцијални и деловни намени;
4.5.Планирање на потребите за просторен развој на производство, дистрибуција и сервиси;
4.6.Планирање на потребите за просторен развој на зеленило и рекреација;
4.7. Планирање на комунални дејности;
4.8. Планирање на потребите за комунална инфраструктура;
4.8.1.Сообраќајно решение;
4.8.2.Хидротехничка инфраструктура;
4.8.3.Електроенергетика;
4.8.4.Телефонска мрежа;

**5.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

5.1.Биланс на ангажирана површина по намена;
-Планиран развој –2007-2017
5.2.Билансни показатели;

**6.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**

6.1.Урбанистички мерки за зашт. на терит. и нејзината содржина;
6.2.Заштита на територијата од стихијно градење без планска доку-ментација и заштита на животната средина;
6.3.Заштита на територијата од природни непогоди;
6.4.Заштита на извориштата на водата за пиење наводнување
6.5.Заштита на градежно наследство и урбано-амбиентална средина
6.6.Заштита од воени разурнувања;
6.7.Заштита од технички катастрофи;
6.8.Услови за движење на инвалидизирани лица;

**7.УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1.Синтезен приказ-план на намена на земјиштето и регулационен план М=1:1000;
2.Сообраќајно решение-подземно ниво М=1:1000;
3.Инфраструктурен план М=1:1000.

**2.**Програма за дон.урб.планови за 2006год.

**3. Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** од Мај 2007г. изработена од “ Ин-Пума ” –ДОО - Скопје,заведена во Општина Прилеп под бр.09-1085/2 од 29.05.2007год.

**4.Извештај за постапување по забелешките од стручната ревизија од Мај 2007год.**,од изработувачот на планот ,заведен во Општина Прилеп под бр.09-1-85/3 од 29.05.2007год.

**5.Стручно мислење бр.16-6923/2 од 01.06.2007год.** издадено од Министерство за трант и врски-Сектор за уреду. на просторот –Скопје.

**6.Извештај за постапување по забелешките од стручното мислење** изработен од страна на изработувачот на планот,од Јуни 2007 година.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 1345/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.06.2007 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

***С О Д Р Ж И Н А***

*на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
*број 10 од 05.06.2007 година*

1. Одлука за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УАЕ бр.16,Урбан блок 16/1, плански опфат "6" во Прилеп...............**Стр. 1**

2. Одлука за пренесување на правото за управување со Локален водоснабдителен систем во населено место Волково, од Општина Прилеп на ЈКП "Водовод и канализација". .......................................**Стр. 3**

3. Одлука за определување продолжено работно време на угостителските објекти и штандовите за време на одржувањето на манифестацијата "ПИВОФЕСТ". .......................................................**Стр. 3**

4. Одлука за употреба на дел од вишокот на средства на ЈКП "Водовод и канализација " Прилеп. ...................................................**Стр. 4**

5. Одлука за определување населени места во Општина Прилеп каде што нема јавно осветлување. ...................................................**Стр. 5**

6. Одлука за утврдување Нацрт измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп. ................................**Стр. 5**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.